ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СУДИЈАТА ЗА ОЦЕНА НА ОБВИНИТЕЛНИОТ АКТ НА ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ, Васка Николовска Масевска, со записничар Магда Ризовска - судски работник, постапувајќи по предлог-спогодбата склучена помеѓу Јавниот обвинител во ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција Искра Хаџи Василева и обвинетиот Ф. С. со бранител адвокат И. С. од С., составена во ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција под КО бр. 85/25 од 12.03.2026 година, по одржаното рочиште за оцена на предлог-спогодбата во присуство на ЈО во ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција Искра Хаџи Василева, обвинетиот Ф. С. и неговиот бранител адвокат Игор Стошиќ од С., на ден 16.04.2026 година, согласно чл.335 ст.2 вв со чл.490 од ЗКП, ја донесе и јавно ја објави следната:

# П Р Е С У Д А

Врз основа на предлог–спогодба

ОБВИНЕТИОТ:

Ф. С., од татко Ф., мајка Ф., роден на ... година во С., по лична карта евидира на ул.„...“ бр... С., а живее на ул.„...“ бр.... во Б., С., со ЕМБГ..., женет, татко на четири деца,  А., државјанин на РСМ, моментално на издржување мерка притвор во КПУ Затвор К..

## В И Н О В Е Н   Е

ЗАТОА ШТО:

Во периодот од октомври до 13.12.2025 година обвинетиот Ф. С. примил вкупен износ од 50.000 евра за посредување со искористување на своето реално влијание да винтервенира кај Ѓ. Р., како судија во Апелациониот суд и за со поткуп кон судијата да влијае за да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши и тоа за во конкретниот предмет за лицето Љ. П. кој како осомничен во друга постапка која ја води ова обвинителство за кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, со решение на судија на претходна постапка при Основниот кривичен суд Скопје КОК-ПП бр.439/20 од 03.11.2023 година, да влијае за мерката да ја укине, или замени со поблага , така што од лицето Љ. П., кој бил недостапен на органите на кривичен прогон, обвинетиот Ф. С. побарал износ од 100.000 евра за да му се укине определената мерка, па на 06.10.2025 година примил дел од побараниот износ и тоа 30.000 евра, кој по насоки на лицето Љ. П., кој не бил во нашата држава ги предала на обвинетиот неговата сестра, сведокот А. М., а остатокот од парите било

договорено да се предаде потоа и на 13.12.2025 година директно побарал и примил уште 20.000 евра како дел од поткупот кој го барал за да го даде на судијата, како половина од вкупниот износ, па според ветеното по завршување на таквата интервенција да се предадат и останатите 50.000 евра до постигнување на вкупно побараниот износ од 100.000 евра, кога неспорно по примањето на паричните средства е затекнат од полициски службеници со истите.

Со горните дејствија обвинетиот Ф. С. од С. сторил кривично дело - Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.7 в.в со ст.2 од Кривичниот законик, па согласно цитираната законска одредба и одредбите од чл. 3, 4, 7, 29, 30, 31, 32, 33, 35 и 39, од Кривичниот законик судот обвинетиот го:

О С У Д У В А

НА КАЗНА ЗАТВОР ВО ТРАЕЊЕ ОД 1 – ЕДНА ГОДИНА И 3-ТРИ МЕСЕЦИ, во која казна затвор му се засметува и времето поминато во притвор во КПУ Затвор С. – С. сметано од 13.12.2026 година од 17,00 часот, до правосилност на пресудата односно до започнување со издржување на казната затвор, а согласно чл.47 од КЗ.

Согласно чл.102 и чл.105 од ЗКП се задолжува обвинетиот да плати судски паушал во износ од 8.000,00 денари на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен суд Скопје 1, депонент НБ на РМ, како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во износ од 30.000,00 денари, за приведување на обвинетиот, согласно трошковниците на КПУ Затвор К., се во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Согласно чл.100-а од КЗ, од обвинетиот Ф. С. се одземат мобилен телефон марка IPhone16 со сериски број ... so ИМЕИ1...и ИМЕИ1-... и мобилен телефон марка Redmi Poko M4 Про 5G со светло зелена боја, имеи 1-... и имеи 2-....

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до овој суд поднесе обвинителен акт КО бр. 85/25 од 12.03.2026 година, против обвинетиот Ф. С. од Скопје за кривично дело - Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.7 в.в со ст.2 од Кривичниот законик.

Судијата за оцена на обвинителниот акт на ден 01.04.2026 година, закажа рочиште за оцена на обвинителниот акт на кое обвинетиот Ф. С. призна вина и заедно со неговиот бранител изјавија дека се спремни да склучат спогодба за признавање на вина при што Судијата рочиштето за оцена на обвинителниот акт го презакажа за 17.04.2026 година, со цел изготвување на предлог спогодба за признавање на вина, на 14.04.2026 година, бранителот на обвинетиот Игор Стошиќ до судот достави поднесок со кој побара рочиштето да се одржи порано, бидејќи и тој и обвинителот во дадениот термин имаат неодложни обврски, поради што рочиштето беше презакажано за 16.04.2026 година, кога на судот јавниот обвинител Искра Хаџи Василева му достави предлог-спогодба за донесување пресуда врз основа на предлог-спогодба за признавање на вина за обвинетиот Ф. С.

Судот на рочиштето на ден 16.04.2026 година изврши увид во предлог спогодбата и утврди дека истата ги содржи елементите предвидени во чл.485 од ЗКП.

Со предлог-спогодбата се предлага, Судијата за оцена на обвинителен акт да го огласи за виновен обвинетиот Ф. С. од Скопје за кривично дело - Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.7 в.в со ст.2 од Кривичниот законик и да го осуди на казна затвор во траење од 1-една година и 3-три месеци. Во предлог спогодбата е наведено дека обвинетиот е согласен да ги поднесе трошоците за кривичната постапка.

Предлог - спогодбата содржи изјава на обвинетиот дека свесно и доброволно ја прифаќа предлог - спогодбата и последиците коишто произлегуваат од неа, заедничка изјава на ЈО во ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција Искра Хаџи Василева и обвинетиот Ф. С., во присуство на неговиот бранител Игор Стошиќ, адвокат од С., дека се откажуваат од правото на жалба, доколку судот ја прифати предлог - спогодбата и донесе пресуда врз основа на истата.

Предлог - спогодбата е составена во ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција на ден 14.04.2026 година во присуство на ЈО Искра Хаџи Василева и обвинетиот Ф. С., во присуство на неговиот бранител Игор Стошиќ, адвокат од С. и дека истата своерачно ја имаат потпишано.

На одржаното рочиште за оцена на предлог - спогодбата на ден 16.04.2026 година на кое подносителите на предлог - спогодбата и бранителот на обвинетиот претходно поучени во смисла на чл.488 од ЗКП, се произнесоа во врска со истата, судот утврди дека предлог - спогодбата е доброволно поднесена, дека обвинетиот е свесен за правните последици од нејзиното прифаќање, за последиците во врска со трошоците на кривичната постапка.

Откако судот пристапи кон увид и во доставените докази од страна на јавниот обвинител, заради утврдување дали постојат доволно докази за вината на обвинетиот, утврди дека е оправдано изрекувањето на предложената кривична санкција по однос на видот и висината на кривичната санкција па одлучи да ја прифати предлог – спогодбата и донесе пресуда со која обвинетиот Ф. С. го огласи виновен за кривично дело - Примање награда за противзаконито влијание од чл.359 ст.7 в.в со ст.2 од Кривичниот законик, го осуди на казна затвор во траење од 1-една година и 3-три месеци, во која казна му се засмета и времето поминато во притвор.

Согласно чл.102 и чл.105 од ЗКП судот го задолжи обвинетиот да плати судски паушал во износ од 8.000,00 денари, како и да ги надомести трошоците на кривичната постапка во износ од 30.000,00 денари, за приведување на обвинетиот, за три спроводи од КПУ Затвор К., согласно трошковниците на КПУ Затвор К., се во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Согласно чл.100-а од КЗ, Судот од обвинетиот Ф. С. одзема мобилен телефон марка IPhone16 со сериски број ... so ИМЕИ1-... и ИМЕИ1-... и мобилен телефон марка Redmi Poko M4 Про 5G со светло зелена боја, имеи 1-... и имеи 2-....

ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ
III КОК ООА бр.16/26 од 16.04.2026 година

Записничар,
Магда Ризовска с.р.

Судија за оцена на обвинителен акт
Васка Николовска Масевска с.р.

ПОУКА: Против оваа пресуда не е дозволена жалба.

Д.Н: На ЈО на ОЈО за ГОКК, Искра Хаџи Василева
На обвинетиот Ф. С. во КПУ Затвор К.
На бранителот на обвинетиот, адвокат Игор Стошиќ
На Одделение за извршување санкции во овој суд